**20160531350**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 2016 година.

Бр. 08-1691/1
15 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО

Член 1

Во Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12 и 154/15) по членот 7 се додава нов член 7-а кој гласи:

„Член 7-а

(1) Агенцијата е надлежен орган на државната управа за воспоставување и управување на системот за подготвеност и одговор на:

1) појава на жариште, сузбивање, искоренување и спроведување на плановите за итни мерки за болести кај животните и

2) итна, кризна или вонредна состојба која го загрозува здравјето или благосостојбата на животните.

(2) Агенцијата утврдува состојба која не може да се спречи, намали или отстрани на прифатливо ниво со мерките утврдени во член 54, 55 и 56 од овој закон, во случаи на:

1) директен или индиректен ризик по здравјето и благосостојбата на животните,

2) директен или индиректен ризик по здравјето на луѓето кој потекнува од животни, птици, аквакулутра или други вектори или

3) појава на сомнеж или потврда на болестите кај животните.

(3) Агенцијата ја известува Владата на Република Македонија за состојбата од став (2) на овој член како и за:

- мерките кои се превземаат за спречување, намалување или отстанување на ризикот,
- негативното влијание на националната економија и
- природата на болеста и епидемилошката состојба.

(4) Агенцијата во случај на појава на болест која е предмет на сузбивање и искоренување согласно плановите за итни мерки за болести кај животните, која претставува ризик и закана за популацијата на животни, здравјето на животни или јавното здравје, може да побара активирање на субјектите во системот за управување со кризи, во рамките на надлежностите утврдени со Законот за управување со кризи.

(5) Агенцијата е должна да обезбеди континуирана комуникација, протокот на информации и податоци и координација на мерките и активностите помеѓу оперативните организациони единици во институцијата и со други органи на државната управа, институции и организации од член 52-а став (1) од овој закон кои се вклучени во управувањето со жаришта на болести кај животните или појава на итна, кризна или вонредна состојба која го загрозува здравјето или благосостојбата на животните.

(6) Директорот на агенцијата обезбедува подготовка на планови за итни мерки и организира и спроведува обуки и симулациони вежби за болестите кај животните или за постапување при појава на итна, кризна или вонредна состојба која го загрозува здравјето или благосостојбата на животните.“

Член 2

Во членот 10 точката 7) се брише.

Член 3

Во членот 13 во ставот (4) зборовите „директорот на“ се бришат.

Во ставот (7) во втората реченица зборовите „Директорот на“ се бришат.

Во ставот (11) зборовите „жалба до директорот на“ се заменуваат со зборовите „приговор до“.

Член 4

Во членот 14 во ставот (6) зборовите „од директорот“ се бришат.

Член 5

Во членот 16 во ставот (2) зборот „директорот“ се заменува со зборот „Агенцијата“.

Член 6

Во членот 17 во ставот (3) зборот „директорот“ се заменува со зборот „Агенцијата“.

Член 7

Во членот 29 по ставот (3) се додаваат осум нови става (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) кои гласат:

„(4) Центарот за репродукција и вештачко осеменување од став (1) на овој член поднесува барање за одобрување до Агенцијата.

(5) Пред да го издаде одобрението од ставот (3) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (3) на овој член.

6) Агенцијата на сите одобрени објекти доделува број на одобрение со соодветни идентификациони шифри.

(7) Во прилог на барањето центарот за репродукција и вештачко осеменување должен е да ги достави следните документи:

- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(8) Овластеното службено лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (7) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(9) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (8) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(10) Агенцијата води и редовно ажурира Регистар на одобрени центри за репродукција и вештачко осеменување во кој задолжително е наведен најмалку нивниот одобрен број и датумот на нивно одобрување кој го објавува на веб страната на Агенцијата.

(11) Во поглед на ограничувања кои се однесуваат на здравствената заштита на животните и во случај на неисполнување на условите од став (3) на овој член или други соодветни прописи од ветеринарната област, Агенцијата може времено да го повлече одобрението се до отстранувањето на неусогласеностите или да го укине одобрението доколку не можат да се отстранат неусогласеностите. Одобрението може да биде повторно издадено кога Агенцијата ќе утврди дека центарот за репродукција и вештачко осеменување целосно ги исполнува условите предвидени во соодветните прописи од ветеринарната област.“.

Во ставот (4) кој станува став (12) зборовите „одобрени од Агенцијата“ се бришат.

Во ставот (5) кој станува став (13) по зборот „пропишува“ се додаваат зборовите „формата и содржината на барањето од став (4) на овој член и формата и содржината на регистарот од став (10) на овој член,“.

Член 8

Во членот 37 по ставот (1) се додаваат осум нови става (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) кои гласат ;

„(2) Ветеринарната амбуланта од став (1) на овој член поднесува барање за одобрување до Агенцијата.

(3) Пред да го издаде одобрението од ставот (1) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (1) на овој член.

(4) Агенцијата за сите одобрени објекти доделува број на одобрение.

(5) Во прилог на барањето ветеринарната амбуланта треба да ги достави следните документи:

- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(6) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (5) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(7) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (6) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Агенцијата води и редовно ажурира Регистар на одобрени ветеринарни амбуланти во кој задолжително е наведен најмалку нивниот одобрен број и датумот на нивно одобрување кој го објавува на веб страната на Агенцијата.

(9) Во поглед на ограничувања кои се однесуваат на здравствената заштита на животните и во случај на неисполнување на условите од став (1) и (2) на овој член или други соодветни прописи од ветеринарната област, Агенцијата може времено да го повлече одобрението се до отстранувањето на неусогласеностите или да го укине одобрението доколку не можат да се отстранат неусогласеностите. Одобрението може да биде повторно издадено кога Агенцијата ќе утврди дека ветеринарна амбуланта целосно ги исполнува условите предвидени во соодветните прописи од ветеринарната област.“.

Во ставот (2) кој станува став (10) зборовите „директорот на“ се бришат, а зборот „директорот“ се заменува со зборот „Агенцијата“.

Во ставот (3) кој станува став (11) по зборот „пропишува“ се додаваат зборовите „формата и содржината на барањето од став (2) на овој член, формата и содржината на регистарот на ветеринарни амбуланти и“.

Член 9

Во членот 38 по ставот (1) се додаваат осум нови става (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) кои гласат;

„(2) Ветеринарната клиника од став (1) на овој член поднесува барање за одобрување од Агенцијата.

(3) Пред да го издаде одобрението од ставот (1) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (1) на овој член.

(4) Агенцијата за сите одобрени објекти доделува број на одобрение.

(5) Во прилог на барањето друштвото треба да ги достави следните документи:

- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(6) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (5) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(7) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (6) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Агенцијата води и редовно ажурира Регистар на одобрени ветеринарни клиники во кој задолжително е наведен најмалку нивниот одобрен број и датумот на нивно одобрување кој го објавува на веб страната на Агенцијата.

(9) Во поглед на ограничувања кои се однесуваат на здравствената заштита на животните и во случај на неисполнување на условите од став (1) и (2) на овој член или други соодветни прописи од ветеринарната област, Агенцијата може времено да го повлече одобрението се до отстранувањето на неусогласеностите или да го укине одобрението доколку не можат да се отстранат неусогласеностите. Одобрението може да биде повторно издадено кога Агенцијата ќе утврди дека ветеринарната клиника целосно ги исполнува условите предвидени во соодветните прописи од ветеринарната област.“.

Во ставот (2) кој станува став (10) зборовите „директорот на“ се бришат, а зборот „директорот“ се заменува со зборот „Агенцијата.

Во ставот (3) кој станува став (11) по зборот „пропишува“ се додаваат зборовите „формата и содржината на барањето од став (2) на овој член, формата и содржината на регистарот на ветеринарни клиники и“.

Член 10

Во член 39 по ставот (1) се додаваат осум нови става (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) кои гласат ;

„(2) Ветеринарните болници од став (1) на овој член поднесува барање за одобрување од Агенцијата.

(3) Пред да го издаде одобрението од ставот (1) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (1) на овој член.

(4) Агенцијата за сите одобрени објекти доделува број на одобрение.

(5) Во прилог на барањето ветеринарната болница треба да ги достави следните документи:

- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(6) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (5) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(7) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (6) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Агенцијата води и редовно ажурира Регистар на ветеринарни болници во кој задолжително е наведен најмалку нивниот одобрен број и датумот на нивно одобрување кој го објавува на веб страната на Агенцијата.

(9) Во поглед на ограничувања кои се однесуваат на здравствената заштита на животните и во случај на неисполнување на условите од став (1) и (2) на овој член или други соодветни прописи од ветеринарната област, Агенцијата може времено да го повлече одобрението се до отстранувањето на неусогласеностите или да го укине одобрението доколку не можат да се отстранат неусогласеностите. Одобрението може да биде повторно издадено кога Агенцијата ќе утврди дека ветеринарната болница целосно ги исполнува условите предвидени во соодветните прописи од ветеринарната област.“.

Во ставот (2) кој станува став (10) зборовите „директорот на“ се бришат. а зборот „директорот“ се заменува со зборот „Агенцијата“.

Во ставот (3) кој станува став (11) по зборот „пропишува“ се додаваат зборовите „формата и содржината на барањето од став (2) на овој член, формата и содржината на регистарот на ветеринарни болници и“.

Член 11

Членот 40-б се брише.

Член 12

Во членот 41 во ставот (1) зборовите „Директорот на“ се бришат.

Член 13

Во членот 42 став (1) во алинејата 3 зборовите „директорот на“ се бришат.

Член 14

Во член 44 по ставот (2) се додаваат осум нови става (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10) кои гласат ;

„(3) Ветеринарната служба на одгледувалиште од став (2) на овој член поднесуваат барање за одобрување од Агенцијата.

(4) Пред да го издаде одобрението од ставот (2) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (2) на овој член.

(5) Агенцијата за сите одобрени објекти доделува број на одобрение.

(6) Во прилог на барањето ветеринарната служба на одгледувалиште треба да ги достави следните документи:

- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(7) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (6) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(8) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (7) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(9) Агенцијата води и редовно ажурира Регистар на ветеринарни служби на одгледувалишта во кој задолжително е наведен најмалку нивниот одобрен број и датумот на нивно одобрување кој го објавува на веб страната на Агенцијата.“.

(10) Во поглед на ограничувања кои се однесуваат на здравствената заштита на животните и во случај на неисполнување на условите од став (1), (2) и (3) на овој член или други соодветни прописи од ветеринарната област, Агенцијата може времено да го повлече одобрението се до отстранувањето на неусогласеностите или да го укине одобрението доколку не можат да се отстранат неусогласеностите.

Одобрението може да биде повторно издадено кога Агенцијата ќе утврди дека ветеринарната служба на одгледувалиште целосно ги исполнува условите предвидени во соодветните прописи од ветеринарната област.“.

Ставот (3) станува (11)

Во ставот (4) кој станува став (12) по зборот „пропишува“ се додаваат зборовите „формата и содржината на барањето од став (3) на овој член, формата и содржината на регистарот за ветеринарна служба на одгледувалиште и“.

Член 15

Во членот 52 во ставот (1) по зборовите „ на планирање на итни мерки“ се додаваат зборовите „или е предмет на постапување при појава на итни, кризни и вонредни состојби кои го загрозуваат здравјето или благосостојбата на животните“.

Ставот (8) се менува и гласи:

„Директорот на Агенцијата ги пропишува болестите кои се предмет на планирање на итни мерки, содржина на планот за итни мерки, улогата и активностите кои другите органи на државната управа, институции и организации од член 52-б на овој закон ги имаат во одговорот и спроведувањето на плановите за итни мерки и постапки кои треба да се спроведат при појава на итни, кризни и вонредни состојби кои го загрозуваат здравјето или благосостојбата на животните и плановите и оперативните прирачници за болестите кои се предмет за планирање на итни мерки. “.

Член 16

По членот 52 се додаваат два нови члена 52-а и 52-б кои гласат:

„Член 52-а

Преглед на надлежности и административна поставеност

(1) Директорот на Агенцијата е одговорен за организирање и спроведување на брз одговор на појава на жариште и сузбивање и искоренување на болестите кај животните и појава на итна, кризна или вонредна состојба која го загрозува здравјето или благосостојбата на животните и спроведување на плановите за итни мерки за болестите кај животните.

(2) Директорот на Агенцијата е одговорен за обезбедување на ресурси за брзо и ефикасно справување со состојбите од член 7-а, став (2) на овој закон.

(3) Директорот ја координира оперативната одговорност за мерките и активностите на Националниот Центар за Контрола на болести.

(4) Во случај на сомнеж или потврда на болестите кај животните директорот донесува решение:

1) за мерки кои се спроведуваат во случај на појава на сомнеж на болести кај животните или

2) за мерки кои се спроведуваат во случај на потврда на болести кај животните или

3) решение за прогласување на болест кај животните на територија на државата или

4) решение за престанок на болест кај животните.

(5) Директорот на Агенцијата се координира со други органи на државната управа, институции и организации од член 52-б на овој закон и доставува барање до истите во рамките на своите надлежности, за нивно вклучување во спроведување на плановите за итни мерки за болестите кај животните како и при појава на итна, кризна или вонредна состојба која го загрозува здравјето или благостојбата на животните.

(6) Директорот на Агенцијата, во зависност од болеста, опасноста по здравјето на луѓето, здравјето или благосостојбата на животните, како и од економските штети кои ги предизвикува, поднесува извештаи до Владата на Република Македонија за спроведување на активностите од став (1) на овој член кои ги содржат и информациите од член 7-а став (3) на овој закон.

Член 52-б

Други органи на државната управа, институции и организации

Заради спроведувањето на плановите за итни мерки за болестите кај животните и нивно сузбивање и искоренување, како дел од воспоставениот систем за заштита, спасување и за управување со итна, кризна или вонредна состојба која се однесува на здравјето и благосостјбата на животните учество земаат и следните органи на државната управа, институции и организации:

1) Центарот за управување со кризи (ЦУК),
2) Дирекција за заштита и спасување (ДЗС),
3) Министерство за здравство (МЗ),
4) Министерство за внатрешни работи (МВР),
5) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ),
6) Агенцијата за финасиска подршка за земјоделството и рурален развој (АФЗРР),
7) Министерство за трнспорт и врски (МТВ),
8) Министерство за финансии (МФ),
9) Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП),
10) Министерство за економија (МЕ),
11) единици на локална самоуправа,
12) институт за јавно здравје (ИЈЗ),
13) факултет за ветеринарна медицина –Скопје,
14) ветеринарни друштва,
15) јавни претпријатија, установи и други служби и
16) други тела, правни или физички лица.

Член 17

Во членот 57 во ставот (2) точката на крајот од реченицата е брише и се додаваат зборовите „како и програми за надзор на присуство на причинители на одредени болести кои се предмет на планирање на итни мерки, а кои имаат економски последици за државата или заради унапредување на здравствената состојба на животните.“.

Член 18

Во членот 72 по ставот (1) се додаваат шест нови става (2), (3), (4), (5), (6) и (7) кои гласат:

„(2) Трговците од став (1) на овој член поднесува барање за издавање одобрение до Агенцијата.

(3) Пред да го издаде одобрението од ставот (1) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (1) на овој член.

(4) Во прилог на барањето трговецот од став (1) на овој член треба да ги достави следните документи:

- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(5) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (4) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (5) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(7) Агенцијата води и редовно ажурира Регистар на одобрени правни и физички лица - трговци со животни за вршење трговија со животни во кој задолжително е наведен најмалку нивниот одобрен број и датумот на нивно одобрување кој го објавува на веб страната на Агенцијата.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (8) и (9).

Во ставот (4) кој станува став (10) по зборот „пропишува“ се додаваат зборовите „формата и содржината на барањето од став (2) на овој член, формата и содржината на регистарот за трговци, а зборовите „начинот и постапката за издавање и укинување на одобрение за трговците, објектите“ се бришат “.

Член 19

Во членот 73 по ставот (1) се додаваат пет нови става (2), (3), (4), (5) и (6), кои гласат:

„(2) Собирните центри од став (1) на овој член поднесуваат барање за издавање одобрение до Агенцијата.

(3) Пред да го издаде одобрението од ставот (1) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (1) на овој член.

(4) Во прилог на барањето собирниот центар треба да ги достави следните документи:

- доказ дека деловниот објект да е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(5) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (4) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (5) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Ставовите (2), (3), (4), и (5) стануваат ставови (7), (8), (9) и (10).

Во ставот (6) кој станува став (11) по зборот „пропишува“ се додаваат зборовите „формата и содржината на барањето од став (2) на овој член, а зборовите „начинот и постапката за издавање и укинување на одобрение за собирните центри,“ се бришат.

Член 20

По членот 73 се додава нов член 73-а кој гласи:

“Член 73-а

Одобрение за објект за одгледување на живина за размножување и инкубаторска станица

(1) Агенцијата одобрува објект за одгледување на живина за размножување и инкубаторска станица доколку:

- ги исполнуваат условите во однос на капацитетите и дејностите кои ќе ги извршуваат,
- ги применуваат и да се придржуваат кон Програмите за следење на болести во согласност со прописите од областа на ветеринарно здравство,
- обезбедат непречен надзор и спроведување на организиран мониторинг на здравјето на живината во своите капацитети манипулираат само со живина и јајца за ведење од живина.

(2) Субјектот кој управува со објект за одгледување на живина за размножување и инкубаторска станица од став (1) на овој член поднесуваат барање за одобрување до Агенцијата.

(3) Пред да го издаде одобрението од ставот (2) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (1) на овој член.

(4) Агенцијата на сите одобрени објекти доделува број на одобрение.

(5) Во прилог на барањето објектот за одгледување на живина за размножување и инкубаторска станица треба да ги достави следните документи:
- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(6) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (5) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(7) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (6) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Агенцијата води и редовно ажурира Регистар на одобрени објекти за одгледување на живина за размножување и инкубаторски станици во кој задолжително е наведен најмалку нивниот одобрен број и датумот на нивно одобрување кој го објавува на веб страната на Агенцијата.

(9) Во поглед на ограничувања кои се однесуваат на здравствената заштита на животните и во случај на неисполнување на условите од став (1) на овој член или други соодветни прописи од ветеринарната област, Агенцијата може времено да го повлече одобрението се до отстранувањето на неусогласеностите или да го укине одобрението доколку не можат да се отстранат неусогласеностите. Одобрението може да биде повторно издадено кога Агенцијата ќе утврди дека објектот за одгледување на живина за размножување или инкубаторска станица ги исполнува условите предвидени во соодветните прописи од ветеринарната област.

(10) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува формата и содржината на барањето за одобрување на објектите од став (1) на овој член како и формата и содржината на Регистарот за објекти за одгледување на живина за размножување и инкубаторски станици.“.

Член 21

Во членот 74 по ставот (1) се додаваат шест нови става (2), (3), (4), (5), (6) и (7) кои гласат:

„(2) Превозниците од став (1) на овој член поднесува барање за издавање одобрение до Агенцијата.

(3) Пред да го издаде одобрението од ставот (1) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (1) на овој член.

(4) Во прилог на барањето превозникот треба да ги достави следните документи:
- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(5) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (4) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (6) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(7) Агенцијата води и редовно ажурира Регистар на одобрени превозници и превозни средства во кој задолжително е наведен најмалку нивниот одобрен број и датумот на нивно одобрување кој го објавува на веб страната на Агенцијата.“.

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (8), (9) и (10).

Во ставот (5) кој станува став (11) по зборовите „начинот и постапката за добивање на одобрение на превозниците и превозните средства.“ се заменуваат со зборовите „формата и содржината на барањето од став (2) на овој член како и формата и содржината на Регистарот на превозници“.

Член 22

По членот 74 се додава нов член 74-а кој гласи:

“Член 74-а
Одобрување на објекти за производство
на аквакултура

(1) Објектите за производство на аквакултура за вршење на производство и одгледување на риби наменети за добивање на репродуктивен материјал, подмладок и порибување со риби во риболовни води треба да бидат одобрени од Агенцијата.

(2) За да се одобрат, субјектите кои управуваат со објектите за производство на аквакултура за вршење на производство и одгледување на риби наменети за добивање на репродуктивен материјал, подмладок и порибување со риби во риболовни води треба да:

1) водат евиденција за:

- движење на аквакултурата и производите од аквакултура во и надвор од објектите,
- смртност и населување на аквакултура во објектот и
- спроведени контроли во објектите и резултати од лабораториски тестирања,

2) имаат пропишано и воспоставено добра хигиенска пракса.

(3) Субјектите кои управуваат со објектите за производство на аквакултура за вршење на производство и одгледување на риби наменети за добивање на репродуктивен материјал, подмладок и порибување со риби во риболовни води поднесуваат барање за одобрение до Агенцијата.

(4) Пред да се издаде одобрението од став (2) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата го одобрува субјектот за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите од став (2) на овој член.

(5) Во прилог на барањето субјектот кој управува со објектот од став (2) на овој член треба да ги достави следните документи:

- доказ за сопственост на објектот или доказ за право на користење на објектот и
- тековна состојба од Централен Регистер на Република Македонија.

(6) Овластеното службено лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (5) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесување на барањето.

(7) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказа од став (6) на овој член да го достави во рок од три дена по приемот на барањето.

(8) Агенцијата води и редовно ажурира Регистар на објекти за производство на аквакултура кои вршат производство и одгледување на риби кои се наменети за добивање на репродуктивен материјал, подмладок и порибување на риби во риболовни води, кој го објавува на веб страната на Агенцијата и во кој задолжително е наведен најмалку нивниот одобрен број и датумот на нивно одобрување.

(9) Во поглед на ограничувања кои се однесуваат на здравствената заштита на животните и во случај на неисполнување на условите од став (1) на овој член или други соодветни прописи од ветеринарната област, Агенцијата може времено да го повлече одобрението се до отстранувањето на неусогласеностите или да го укине одобрението доколку не можат да се отстранат неусогласеностите. Одобрението може да биде повторно издадено кога Агенцијата ќе утврди дека објектот за производство на аквакултура кои вршат производство и одгледување на риби кои се наменети за добивање на репродуктивен материјал, подмладок и порибување на риби во риболовни води ги исполнува условите предвидени во соодветните прописи од ветеринарната област.

(10) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува формата и содржината на барањето и услови кои треба да ги исполнуваат објектите за производство на аквакултура од став (2) на овој член како и формата и содржината на Регистарот на објектите од став (8) на овој член.".

Член 23

Во членот 95 во ставот (6) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат следните зборови „доколку се исполнети следните услови:

- водат евиденција за пратките и
- ги исполнуваат условите за посебните видови на пратки."

По ставот (6) се додаваат седум нови става (7), (8), (9), (10), (11), (12) и (13) кои гласат:

"(7) Складовите во слободните зони, слободните складови и царинските складови од став (6) на овој член поднесуваат барање за одобрување до Агенцијата.

(8) Пред да го издаде одобрението од став (6) на овој член, Агенцијата врши увид на самото место. Агенцијата ги одобрува субјектите за бараните активности само доколку истиот ги исполнува условите утврдени во став (6) на овој член.

(9) Агенцијата на сите одобрени објекти доделува број на одобрение

(10) Во прилог на барањето складовите во слободните зони, слободните складови и царинските складови треба да ги достави следните документи:

- доказ дека деловниот објект е во негова сопственост или има право на користење и
- тековна состојба од Централен Регистар на Република Македонија.

(11) Овластеното службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност од надлежен јавен орган го прибавува доказот од став (10) алинеја 2 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(12) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од став (11) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

Ставовите (7) (8), (9) и (10) стануваат ставови (13), (14), (15) и (16)

Во ставот (11) кој станува став (17) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „или на веб страната на Агенцијата.".

Ставовите (12) и (13) стануваат ставови (18) и (19).

Член 24

Во членот 99 во ставот (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„-вршење на службени контроли заради утврдување на здравствен статус на одгледувалиштата и одобрување и регистрација на објекти, увозници, извозници, превозници, ветеринарна служба на одгледувалиште, објекти за производство аквакултура, објекти за преработка на аквакултура, објект за одгледување на живина за размножување и инкубаторска станица, трговци и собирни центри,".

Член 25

Во членот 109 став (1) во точката 4) бројот „(3)“ се заменува со бројот „(11)“.

Во точката 17) бројот„(3)“ се заменува со бројот „(8)“.

Член 26

Во членот 110 став (1) во точката 13) бројот „(2)“ се заменува со бројот „(8)“.

Во точката 15) бројот „(3)“ се заменува со бројот „(9)“.

Член 27

Во членот 111 став (1) во точката 13) бројот „(3)“ се заменува со бројот „(8)“.

Во точката 15) бројот „(3)“ се заменува со бројот „(9)“.

Член 28

Во членот 111-а став (1) во точката 7) бројот „(3)“ се заменува со бројот „(11)“.

Во точката 25) бројот „(2)“ се заменува со бројот „(8)“.

Член 29

По членот 111-г се додава нов член 111-д, кој гласи:

„Член 111-д

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Агенцијата ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 29 став (8), 37 став (6), 38 став (6), 39 став (6), 44 став (7), 72 став (5), 73 став (5), 73-а став (6), 74 став (5), 74-а став (5) и 95 став (11) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членовите 29 став (9), 37 став (7), 38 став (7), 39 став (7), 44 став (8), 72 став (6), 73 став (6), 73-а став (7), 74 став (6), 74-а став (6) и 95 став (12) од овој закон.“

(3) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“

Член 30

Започнатите постапки до денот на отпочнување на примената на овој закон ќе завршат согласно законот по кој биле започнати.

Член 31

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 32

Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14,18, 19, 20, 21, 22, 23 , 25, 26, 27, 28 и 29 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 124/15).

Член 33

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.